Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024
2025

Извадок на дел од дневните настани 06.03.2025

На 05.03.2025 во 16.30 часот полициски службеници од ОВР Гостивар го привеле Е.Б. (36) од гостиварско Здуње, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на казна затвор во траење од две години, за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" по член 215 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 05.03.2025 во 18.30 часот на наплатна станица „Сопот", полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес го лишиле од слобода Л.М.(56) од Велес. Имено, преку наплатната станица, откако излегол од патничкото возило во кое се превезувал, бил извршен преглед и кај него биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја и цврста грутчеста материја. Л.М. бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.03.2025 во 10.35 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.П.(19) од с.Кондово, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.03.2025 во 21.30 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром. полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ј.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.03.2025 во 16.15 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром. полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.03.2025 во 21.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.03.2025 во 17.50 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода О.К. (22) од Република Турција затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.03.2025 во 18.55 часот во с.Синничане, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане го лишиле од слобода Г.М.(72) од селото. Тој бил затекнат од шуночував во селото со бесправно исечени огревни дрва натоварени во трактор. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 04.03.2025 во 20.20 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го привеле Ц.Р.(29) од Радовиш, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за доиздржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Куманово за доиздржување на казната.

Денеска (06.03.2025) во 03.30 часот во Скопје, на бензинска станица на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Д.А.(29) од с.Колари, кичевско, затоа што кај него бил пронајден пиштол и муниција. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.03.2025 во 16.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Методија Андонов Ченто" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „даеву" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Х.Ј.(30) од Скопје и мопед „априлиа" , управуван од Ј.Ј.(23) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот и неговиот сопатник Б.Ј.(23) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.03.2025 во 14.55 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.А.(47) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Кисела Вода во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 05.03.2025 во 10.45 часот во Полициската станица Карпош, М.Ц.(64) од Скопје пријавил дека на ул.„150Е" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 05.03.2025 во 15.05 часот во Полициската станица Центар, Д.М.(31) од Скопје пријавила дека на ул.„Христо Смирненски" во Скопје била касната од куче скитник.

На 05.03.2025 во 23.00 часот на пресекот на улицата „Магистрален пат" со булеварот „Железничка" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода Н.К.(36) од Кичево. При контрола во патниот сообраќај, полициски службеници сопреле патничко возило „рено" без регистарски таблички, кое Н.К. го управувал, и притоа констатирале дека тој е под дејство на алкохол и веднаш го исклучиле од сообраќај. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена пријава по член 297 - а од Кривичниот законик - „безобзирно управување со моторно возило".

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Л.(29) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При претрес во неговиот дом во Охрид, извршен со судска наредба, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид пронајдоа и одземаа марихуана.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против П.С.(33) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На патот Кичево-Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Кичево извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одземе марихуана.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против А.З.(29) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 27.02.2025, полициски службеници од ОВР Дебар извршиле контрола на улица „Елена Шинка" во Дебар, при што констатирале дека пријавениот со патничко возило „шкода" врши јавен превоз на патници во внатрешниот сообраќај без да поседува лиценца издадена од надлежен државен орган.

На 05.03.2025 во 13.30 часот во СВР Велес извршен е службен разговор со 43-годишната В.В. од Велес. Имено, во 06.55 часот на обележан пешачки премин на улица „Благој Горев" во Велес, со патничко возило „киа" со велешки регистарски ознаки, кое го управувала, удрила во 16-годишник од Велес и го напуштила местото. Во несреќата со телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во болницата во Велес. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 05.03.2025 во 21.30 часот во скопско село, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(62), постапувајќи по претходна пријава дека во семејниот дом со остар предмет и се заканувал на својата 59-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.03.2025 во 11.50 часот во СВР Скопје, 75-годишна жена од Скопје пријавила дека била измамена од едно лице за сума од 618.000 денари. Според пријавеното, лицето ѝ се јавило телефонски, се претставило како полициски службеник и ѝ кажало дека незјината ќерка предизвикала сообраќајна несреќа во која прегазила дете-мигрант и доколку не сака та да лежи во затвор требало да плати. Како што е пријавено, таа парите ги оставила на договореното место, а откако се слушнала со незјината ќерка, сфатила дека била измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2025 во 16.00 часот на место викано „Слобода", полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Ново Село запреле патничко возило „рено меган" со странички регистарски ознаки, управувано од М.О.(34) од село Нова Маала, општина Василево. При извршени проверки било констатирано дека М.О. на увид приложил фалсификувана белгиска возачка дозвола. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 05.03.2025 во 13.25 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на крстосница од бул. „Борис Трајковски" со ул.„Саса" во нас.Пинтија настанал пожар во патничко возило во движење „рено" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.П.(52) од Скопје. Од пожарот било зафатено и друго патничко возило во движење „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Н.(34) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2025 во 15.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар настанал пожар на патничко возило „шевролет матиз" во движење со скопски регистарски ознаки, управувано од М.И.(48) од Скопје. Повредени лица нема, а од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид.

На 05.03.2025 во 15.40 часот во СВР Скопје, од Казнено - поправна установа Затвор Идризово било пријавено дека околу 06.00 часот, осуденикот Б.М.(26) физички го нападнал осуденикот С.Р.(27), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2025 во 21.00 часот во СВР Скопје, С.А.(36) од Тетово пријавил дека на 27.02.2025 околу 00.45 часот во казино на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од С.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2025 во 09.22 часот во СВР Скопје, К.Д.(35) од Скопје пријавила дека околу 04.00 часот, незјинот 15-годишен син примил порака на социјална мрежа од лажен профил на неговата девојка, за да се сретнат. Како што е пријавено, откако отишол на договореното место, бил пресретнат од четири машки лица, кои единот го познавал, кои со употреба на сила го однеле во куќа на подрачјето на Ѓорче Петров, физички го нападнале и му го одзеле мобилниот телефон. Исто така, според пријавеното, настанот го снимале и објавиле на социјална мрежа, но набргу бил избришан. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2025 во 14.30 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници лишиле од слобода 17-годишник од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека допирал малолетничка по телото. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 05.03.2025 околу 20.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Партизански одреди" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед со скопски регистарски ознаки, управуван од Н.З.(24) од Скопје и патничко возило, по што возачот на патничкото возило со возилото го напуштил местото на несреќата. Притоа, со телесни повреди се здобил возачот на мопед, констатирани во Градската општа болница „8 Септември" Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2025 во 14.30 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека се вратил нивниот штитених Х.С.(16), за кој на 18.02.2025 било пријавено дека се одделечил од установата.

На 05.03.2025 во 15.20 часот во СВР Скопје, А.С.(47) од Белгија пријавила дека на пазар на подрачјето на Бит Пазар, едно лице ѝ ја одзело чантата со пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2025 во 20.00 часот во ОВР Гостивар, Р.М.(70) од Гостивар пријавил дека на улица „ЈНА" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 05.03.2025 во 11.55 часот во СВР Битола, З.Г.(61) од Битола пријавил дека во Градскиот пазар во Битола бил каснат од куче скитник.

На 05.03.2025 во СВР Битола, К.Ц.(43) од Битола пријавил дека на бул.„1 Мај" во Битола бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против К.Н.(18) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 27.02.2024 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.И.(38) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измнување и оштетување службен печат или знак". На 15.08.2023, пријавениот како сопственик и инвеститор на градба во Куманово, неовластено симнал и уништил службен знак, табла и лента кои претходно ги поставило овластено службено лице - градежен инспектор од општина Куманово на неговата започната бесправна градба, по што продолжил со изградба на бесправниот објект.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Б.А. од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 25.01.2025 на Граничниот премин „Табановце", при пасошка контрола и проверка на влез во државата, пријавениот на увид приложил фалсификувана возачка дозвола.

Регионалниот центар гранични работи Север поднесе кривична пријава против Р.З. и Б.Н., двајцата од с.Блаце, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење". На 10.02.2025 на излегален премин „Ѓушен мост" на Радушка река, атар на с.Радуша, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Рогачево извршиле контрола на патничко возило „фолксваген шаран", при што била пронајдена и одземена разновидна стока.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Г.Г.(68) од с.Жиганци, општина Чешиново - Облешево, поради постоење основи за сторено кривично дело „предизвикување опасна опасност". На 03.02.2025 во с.Чешиново, пријавениот на повеќе места запалил сува трева во близина на одводниот канал, при што предизвикал пожар.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет